ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА НАЧИНОТ И ПОСТАПКИТЕ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ КОИ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО 2015 ГОДИНА

# ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

01 2016 03 04/1

Скопје, мај 2017

# СОДРЖИНА

| Опис | Страна |
|---|---|

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР


| | |
|---|---|
| Резиме | 1-7 |
| Вовед | 8-9 |
| Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата | 9-10 |
| Осврт на ревизијата од претходната година | 10 |
| Наоди и препораки | 10-27 |
| Основ за изразување на заклучок | 27 |
| Заклучок | 27 |
| Нагласување за прашања за неизвесност и континуитет | 28-30 |
| Останати прашања | 30 |

Прилог 1
Прилог 2
Прилог 3
Прилог 4
Прилог 5

Кратенки користени во извештајот:
МВР – Министерство за внатрешни работи
ЗЈН – Закон за јавните набавки
ОДР – Овластен државен ревизор

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков"
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 03-244/6

Дата: 04.05.2017

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година на Министерството за внатрешни работи.

За усогласеноста на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираа во 2015 година во МВР изразивме заклучок со резерва.

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година, извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за внатрешни работи и издаден е извештај за кој е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за наведената ревизија, при што е утврдено дека три препораки делумно се спроведени, а спроведувањето на една препорака е во тек.

Со извршената ревизија на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година во МВР, констатиравме одредени состојби, од кои како позначајни ги истакнуваме следните:

- при спроведувањето на отворените постапки во електронска форма, записникот од јавното отворање на понудите не е електронски потпишан

*Ревизорски тим:*
*1.* ____
*2.* ____
*3.* ____

*Овластен државен ревизор*

од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик, туку од помошник министерот во одделот за општи и заеднички работи;

- **известувањата за избор на најповолна понуда**/поништување на постапката се електронски потпишани од страна на помошник министерот на Одделот за општи и заеднички работи, иако таквата обврска е предвидено да ја извршува комисијата за јавни набавки;
- во четири постапки за јавни набавки, во тендерската документација (дел техничката спецификација) не се дефинирани потребните **количини за набавка** на стоки, односно истите се дадени во единечна мера;
- во пет постапки за јавни набавки Комисијата во досиeто нема приложено документација за извршена проверка на објавена **негативна референца**;
- во шест постапки за јавни набавки во прилог на досието приложени се **извештаи за немање потреба од обезбедување согласност** за користените критериуми за утврдување на способност и барањата во техничките спецификации за поединечна ставка или за целиот дел, без притоа во прилог на досието да се приложи документација како потврда за направеното истражување односно даденото образложение;
- во три постапки за јавни набавки **одлуката за избор на најповолна понуда** е донесена во рокови подолги од роковите предвидени за доставување на понудите што придонесува за пролонгирање на рокот за склучување на договорите;
- во склучените рамковни спогодби во четири постапки за јавни набавки договорниот орган не ги утврдил **максималните количини** за секоја од ставките кои планира да ги набави;
- **известувањето за склучен договор** кај три постапки за јавни набавки не е објавено во Електронскиот систем за јавни набавки, согласно рокот предвиден со ЗЈН;
- за дел од склучените договори не е презентирана документација за извршено **количинско и вредносно следење** на договорите, додека за дел е утврдено вредносно надминување,
- за **набавка на реагенси и услуги за сервисирање и одржување на опрема/генетски анализатори** спроведени се постапки за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас, а како основ за користење на овој вид на постапка се наведени причините врзани за заштита на ексклузивните права. При тоа од страна на економскиот оператор како доказ за постоењето на ексклузивни права доставена е изјава согласно која истиот е назначен за овластен дистрибутер од страна на производителот (странска фирма) за неговите производи. Ревизијата смета за потребно да укаже дека ексклузивни права се правата кои произлегуваат од заштита на интелектуалната сопственост, како патенти, авторски права и права од индустриска сопственост;

- договорите за надзор на изградбата на полициските станици на МВР се склучени во месец март, односно мај 2015 година иако изградбата на објектите согласно динамичкиот план за градење се започнати во месец ноември 2014, односно месец јануари 2015 година;
- МВР согласно заклучок на Владата на РМ во 2015 година започнал со изградба на противпожарна станица во општина Ѓорче Петров, иако согласно Законот за пожарникарството, противпожарните единици се формираат од страна на Градот Скопје и општините и се во сопственост на општините во чија надлежност се овие единици. Исто така МВР нема потпишано акт/договор со Градот Скопје, со кој ќе се регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од постапката на изградба и предавањето на објектот во сопственост на Градот Скопје;
- при спроведување на постапката за набавка на флуоросцентни елеци, договорниот орган откако добил негативен одговор од Советот за јавни набавки, ја променил тендерската документација, во која како критериум веќе не предвидува утврдување на техничка и професионална способност туку само лична способност за вршење на професионална дејност, поради што престанала и потребата за обезбедување на согласност од советот. Во изменетата тендерска документација договорниот орган повторно предвидел обврска за економските оператори да достават мостра и сертификати/извештаи од извршена лабораториска анализа на квалитет на готов производ, меѓутоа не како критериум за оцена на способност, туку како нагласување дека доколку истите не ги исполнуваат барањата од техничката спецификација во рамките на дозволените отстапувања, понудите ќе бидат оценети како неприфатливи и нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација и покрај тоа што во периодот на започнување на постапката, доставувањето на сертификати и мостри од страна на економските оператори претставува задолжителен критериум за докажување на нивната техничката и професионална способност, согласно ЗЈН;
- кај набавката на услуга за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа во објекти на МВР утврдено е вредносно надминување на основниот договор и анекс договорите, во износ од 5.221 илјади денари, понатаму извршена е набавка на стоки чија цена не соодветствува со нивната договорена цена, како и извршена е набавка на стоки кои не се предвидени во склучените договори;
- кај набавката на гориво за млазни мотори не се почитуваат одредбите од склучениот договор во делот на реализирањето на набавките и по истекот на важност на договорот; горивото не се испорачува директно во воздухопловите на договорниот орган на платформа на аеродромската полициска база, односно испораката се врши преку аеродромската платформа што е наменета за полнење на млазно гориво на носителот на

набавката;

- во фактурите за набавка на моторен бензин, добавувачот не го прикажува одвоено одобрениот рабат утврден во склучениот договор помеѓу договорните страни, кој е предвиден како задолжителен елемент на секоја испорачана фактура; добавувачот се повикува на акцизно одбрение од 2009 година кое во моментот на склучување на договорот повеќе не било во сила; испораката на набавената количина моторен бензин ја извршува фирма која од страна на носителот на набавката не е назначена како фирма подизведувач и за која во досието од спроведената постапка недостасува договор за деловна/техничка соработка како и изјава со која подизведувачот докажува дека не му е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама и перење пари;
- МВР во текот на 2013 и 2014 година склучило два договори за набавка на гориво со вредносни електронски картици (ваучери) за моторните возила на организационите единици на МВР на целата територија на РМ. Во договорот склучен во 2013 година договорниот орган не го утврдил времетраењето и вредноста на истиот, додека во договорот склучен во 2014 година не е утврдено неговото времетраење, иако во одлуките за јавна набавка предвидено е дека набавката на стоките ќе се врши за период од една година.

  Во приложените фактури недостасува податок за бројот на договорот по кој се врши испораката на горивото, со што се отежнува следењето на реализацијата на договорите. Исто така во приложените фактури не се наведени испорачаните количини на гориво, кои претставуваат основа за пресметка на утврдениот рабат согласно договорот.

  Како последица на неутврдениот рок на траење на договорот од 2013 година, по истекот на периодот од 1 година, МВР има набавено гориво во вредност од 21.666 илјади денари, за кои количини не е пресметан дополнителен рабат. Исто така и за испорачаните количини по договорот за 2014 година, економскиот оператор нема пресметано и одобрено дополнителен рабат. По укажување на ревизијата, по истек на една година од престанокот на реализацијата на истиот, доставено е книжно одобрение за дополнително одобрен рабат заклучно со 27.11.2015 година;
- на ревизијата не и беше доставена документација за количинско следење на договорот за набавка на еуродизел гориво. Исто така, во фактурите за извршните набавки не е наведен бројот и важечка одлука од регулаторната комисија за енергетика по која се извршува фактурирањето, не се наведени единечните договорни цени и пресметаниот/одобрениот рабат, како што е предвидено во склучениот договор.

  Превозот на стоките кои се предмет на договорот се извршуваат од страна на други (нови) подизведувачи, за кој на ревизијата не и беше презентирано

одобрување од страна на договорниот орган согласно член 13 од склучениот договор, како и документација за потврда дека новите подизведувачи ги исполнуваат условите предвидени во тендерската документација;

- во спроведувањето на набавката на надворешни гуми – пневматици утврдена е разлика во доставената техничка понуда од страна на избраниот економски оператор, кој за дел од ставките направил отстапувања од бараните параметри согласно понудата, кои се непроменлив елемент на понудата. Од приложените ценовници може да се констатира дека истите влијаат на цената на секоја гума поединечно.

  Иако предмет на евалуација е само една понуда, бидејќи другите понуди во текот на постапката биле исклучени поради недостатоци во докажување на способноста, со извршената компарација со цените за истите ставки доставени во финансиските понуди на другите економски оператори констатирани се големи отстапувања за истите типови на гуми.

  За секоја испорака на гумите договорниот орган не склучува поединечни договори, како што е предвидено со одредбите од рамковната спогодба. Договорниот орган не врши квантитативен прием на купените стоки во сопствените магацини, односно гумите се инсталираат на возилото во просториите на продавачот. Исто така МВР сметководствено не ги евидентира набавените гуми, како и не врши попис за тековната година на сите променети гуми кои се чуваат во магацинскиот простор на носителот на набавката, а кои се во сопственост на МВР;

- во фактурите за извршени услуги за исхрана на припадниците на полицијата, сместени во касарната Илинден, издадените оброци се фактурираат во текот на неделата, а не месечно и тоа по просечна цена за оброк добиена од цените на секој издаден оброк во текот на неделата, а не по утврдената цена на оброците дадени во понудата од економскиот оператор.

  Во месец август 2014 година склучен е анекс договор кон основниот договор од 2012 година, со цел користење на дополнителни услуги до објавување на нов оглас и склучување на нов договор, во вредност не поголема од 30% од основниот договор, без спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност и континуитет, обелоденети се состојби кои се однесуваат на:

- МВР во 2005 година склучила договор за набавка и одржување на систем за дизајнирање, производство и долгорочна набавка на бланко документи/ пасоши, лични карти и возачки дозволи. Од причина што важноста на постоечкиот договор истекува во март 2017 година, во текот на 2016 година од страна на МВР се преземени активности и формирана е работна група која треба да изврши анализа на состојбата со бројот и видот на обрасците за

издавање на лични документи на граѓаните на РМ и анализа на склучениот договор со можност за негово продолжување за период од две години, со цел надминување на можноста од создавање на правен вакуум и застој во издавањето на личните документи. На предлог на работната група, МВР има склучено рамковна спогодба со постојаниот економски оператор за набавка на биометриски лични документи за идентификација за период од две години, со цел да се обезбеди континуитет во издавањето на истите. По истекот на овие две години, работната група предлага да се спроведе постапка за набавка на наведените услуги, согласно ЗЈН.

- во 2015 година во МВР извршени се плаќања за одржување на ИТ системи и опрема и за набавка на лиценци по договори склучени во 2006 и 2008 година. Договорите се склучени со производителите на ИТ системите и опремата, на неопределено време, односно доколку една од страните однапред не ја извести другата страна, за намерата да не се обнови договорот. Цената на услугите во договорите се однесува за една година.

  Ревизијата истакнува дека со измените на ЗЈН од октомври 2013 година, согласно член 17 став 6 предвидено е ...„*Тендерската документација и договорот за јавна набавка на услуги за изработка и дизајнирање на софтверско решение за потребите на договорниот орган задолжително содржи одредба со која ќе се предвиди сопственост на договорниот орган врз изворниот код на софтверското решение*„...... Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека потребно е да се направи анализа на трошоците на веќе воспоставениот начин на одржување на ИТ системите од една страна, како и анализа на трошоците доколку се извршат нови постапки за јавни набавки, со кои услугите за одржување на ИТ системите на МВР нема да се задолжително поврзани со добавувачите на хардверското односно софтверското решение, од друга страна и зависно од резултатите на спроведените анализи, да се одлучи во однос на изборот на начинот на постапување во однос на набавка на наведените услуги.

Ревизијата истакнува дека постои потреба од допрецизирање на ЗЈН. Имено, за постапките кои се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки, договорниот орган е потребно да оформи досие со сите документи предвидени во член 173 од ЗЈН и истото треба го чува најмалку пет години од денот на извршувањето на соодветниот договор за јавна набавка.

Во пракса има различно постапување од страна на договорните органи во делот на чувањето на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки, земајќи го во предвид член 8 од Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки, во кој е наведено дека ........„*електронската архива на ЕСЈН опфаќа чување на електронските документи во изворен облик во кој се креирани, испратени, примени и*

*архивирани*,,........ па следствено во досиата за спроведените постапки не се чуваат електронските документи. Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да преземат активности за допрецизирање на наведениот правилник во однос на начинот на чување на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки.

Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на усогласеноста на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година во МВР.

1.2. Ревизијата на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година во МВР од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2014 година извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за внатрешни работи и издаден е извештај за кој е изразен заклучок дека делумно се преземени потребните активности за воспоставување и обезбедување на ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија за непречено остварување на целите на субјектот.

1.4. Раководството на МВР е одговорно за начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година застапувано од:

- м-р Гордана Јанкуловска-министер за внатрешни работи од 26.08.2006 до 13.05.2015 година;
- м-р Митко Чавков-министер за внатрешни работи од 13.05.2015 до 11.11.2015 година и
- Оливер Спасовски-министер за внатрешни работи од 11.11.2015 до 18.05.2016 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на внатрешна контрола која што е релевантна за реализација на јавните набавки во 2015 година.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат заклучок за тоа дали начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година се, во сите материјални аспекти, во согласност со Законот за јавни набавки.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали постапките за јавни набавки кои се реализираат во 2015

година се во согласност со Законот за јавни набавки и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на заклучок за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот ревизорски заклучок.

2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на усогласеност на начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година е да се приберат достатни соодветни ревизорски докази за да се донесе заклучок дали информациите во врска со начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година се во согласност, во сите материјални аспекти, со Законот за јавни набавки.

2.2. Постапките за доделување на договорите за јавни набавки, кои се предмет на овој извештај се спроведени според Законот за јавните набавки и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, според процедурите изготвени согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и тоа во однос на интерните процедури и според Законот за облигационите односи во

однос на реализацијата на склучените договори.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.09.2016 до 31.12.2016 кај МВР од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- м-р Цвета Ристовска, помошник на главниот државен ревизор и ОДР;
- Љубица Тошевска, раководител на ревизија, раководител на ревизија и ОДР;
- Билјана Стојановска, Виш ревизор и ОДР;
- Зоран Богоевски, Виш ревизор и ОДР;
- Ведран Јовановски, ревизор и ОДР;
- Елена Догазанска, помлад ревизор и ОДР;
- Татјана Димитриевска, самостоен ревизор и ОДР и
- м-р Мирјана Бошкоска Тасевска, ревизор и ОДР.

3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во текот на 2014 година извршена е ревизија на успешност - Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија кај Министерството за внатрешни работи и за дадените четири препораки во делот Систем на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките и плаќањата, констатиравме дека три препораки делумно се спроведени, а една препорака е во тек на спроведување.

4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на МВР на ден 15.02.2017 година. Од страна на одговорното лице на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-244/1 од 10.03.2017 година.

Со цел уверување на усогласеноста на користењето на средствата на МВР за 2015 година со ЗЈН[1] извршивме ревизија на начинот и постапките на доделување на договорите за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

[1] Закон за јавните набавки „Службен весник на РМ" број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, Испр. 160/13, 28/14, 43/14, Автентично толкување 111/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 27/16, 120/16

Во насока на точен и целосен увид во евидентираните обврски спрема добавувачите кои подлежат на ЗЈН, направивме анализа на вкупно евидентираните обврски спрема добавувачите во земјата и странство кои во 2015 година се проценети во вкупен износ од 3.079.278 илјади денари. Од вкупните обврски во избраниот примерок не влегуваат обврските евидентирани на сметката 785 - сметка од донации, сметката 787 – сметка од самофинансирачки активности за потребите на одморалиштата на МВР, обврските спрема договорни органи кои имаат ексклузивно право и други обврски кои не подлежат на јавна набавка. Како резултат на извршената анализа, вкупните обврски спрема добавувачите во земјата и странство за кои е потребно да се примени Законот за јавните набавки изнесува 2.478.608 илјади денари, што претставува 80% од вкупните обврски на МВР.

Со извршениот увид во начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои имаат реализација во 2015 година, со ревизијата се опфатија вкупно 46 добавувачи во земјата и странство, во вкупен износ од 2.043.003 илјади денари. Во текот на ревизијата беа опфатени вкупно 96 договори кои имаат реализација во известувачкиот период и тоа:

- 69 договори склучени врз основа на спроведени 62 постапки за јавни набавки согласно одредбите од ЗЈН во период од 2011 до 2015 година (Прилог 1),
- 4 договори склучени во период од 2005 до 2008 година за изработка на лични документи (пасоши, лични карти и возачки дозволи), за одржување и набавка на лиценци за ИТ системи и опрема на МВР и
- 23 договори за набавки кои се реализирани во 2014 и 2015 година, за кои согласно член 7 од ЗЈН не се применуваат одредбите од ЗЈН и тоа во случај кога: договорот е класифициран со степен „државна тајна" од страна на надлежен орган согласно со прописите за класифицирани информации или за извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи.

Констатирани се следните состојби:

## 4.1. Почитување на одредбите од Законот за јавните набавки

Со извршениот увид во приложената документација од спроведените постапки за јавни набавки ревизијата утврди состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавните набавки, дадени во Прилог 2 на овој извештај и тоа:

- во сите спроведени отворени постапки за јавни набавки, кои беа предмет на ревизија, Записникот од јавното отворање на понудите е потпишан од

страна на комисијата за јавни набавки, но имајќи во предвид дека постапката се спроведува во електронска форма, истите не се електронски потпишани од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик согласно член 139 став 2 од ЗЈН;

- известувањата за избор на најповолна понуда/поништување на постапката се електронски потпишани од страна на помошник министерот на Одделот за општи и заеднички работи, иако таквата обврска согласно член 29 од ЗЈН е предвидено да ја извршува комисијата за јавни набавки;
- во четири постапки за јавни набавки, во правилата за изработка на тендерската документација во делот од техничката спецификација не се дефинирани потребните количини за набавка на стоки, односно дадени се по единечна мера (1). Ваквата состојба не е во согласност со член 32 став 2, алинеја 5 од ЗЈН согласно кој тендерската документација потребно е да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка со цел економските оператори да можат квалитетно да ја поднесат својата понуда, се со цел истата да се смета за прифатлива и да ја содржи вкупната вредност на понудата која треба да биде идентична со вкупната вредност на склучениот договор;
- во пет постапки за јавни набавки Комисијата во досието нема приложено документација за извршена проверка на објавена негативна референца, согласно член 140 од ЗЈН;
- во шест постапки за јавни набавки во прилог на досието приложени се Извештаи за немање потреба од обезбедување согласност за користените критериуми за утврдување на способност и барањата во техничките спецификации за поединечна ставка или за целиот дел, без притоа во прилог на досието да се приложи документација како потврда за направеното истражување/односно даденото образложение, што не е согласно член 36-а од ЗЈН;
- во пет постапки не е обезбедено навремено/синхронизирано објавување на огласот за доделување на договор за јавна набавки на електронскиот систем за јавни набавки, споредено со објавата на огласот за доделување договор за јавна набавка во Службеното гласило на Европската унија;
- во три постапки за јавни набавки одлуката за избор на најповолна понуда е донесена во рокови подолги од роковите предвидени за доставување на понудите што придонесува за пролонгирање на рокот за склучување на договорите, иако согласно член 162 став 2 од ЗЈН договорниот орган треба да донесе одлука за избор или за поништување на постапката во рок кој не е подолг од рокот за поднесување на понудите, односно пријавите за учество во конкретната постапка, сметајќи од денот определен како краен рок за поднесување на понудите;
- во четири постапки за јавни набавки договорниот орган не постапил

согласно член 117 став 2 од ЗЈН, односно во склучените рамковни спогодби не ги утврдил максималните количини за секоја од ставките кои планира да ги набави и
- известувањето за склучен договор кај три постапки за јавни набавки не е објавено на Бирото за јавни набавки согласно рокот предвиден со член 55 од ЗЈН.

Воспоставениот начин на постапување при спроведување на постапките за јавна набавка создава ризик од несоодветна примена на одредбите од ЗЈН, намалена транспарентност и конкуренција при спроведувањето на набавките, како и ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Препорака:
Одговорното лице на МВР да преземе мерки и активности за:
- при спроведувањето на отворените постапки за јавни набавки во електронска форма, записникот од јавното отворање на понудите да се потпишува од страна на претседателот на комисијата или неговиот заменик;
- тендерската документација потребно е да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка со цел економските оператори да можат квалитетно да ја поднесат својата понуда;
- во досието од спроведената постапка да се приложува целокупната документација како доказ за извршените активности од страна на комисијата за јавна набавка;
- почитување на роковите предвидени со ЗЈН и
- во склучените рамковни спогодби да се утврдат максималните количини за секоја од ставките кои се планираат да се набават.

## 4.2. Следење на реализацијата на договорите за јавни набавки

Со извршениот увид на склучените договори од спроведените постапки за јавни набавки и нивната реализација ревизијата ги утврди следниве состојби:
- за дел од склучените договорите во вкупен износ од 613.768 илјади денари (Прилог 3) не е презентирана документација за извршено количинско и вредносно следење на договорите, поради што ревизијата не можеше да се увери во тоа дали вредноста на склучените договори и анекси кон истите е надмината. Од страна на одговорните лица во МВР беше доставено известување дека дел од референтите кои ги следеле договорите се заминати во пензија и не е извршено примопредавање на документацијата околу следењето на истите;
- кај шест од склучените договори (Прилог 4)утврдена е состојба на склучени анекси со кои се продолжува времетраењето на истите односно членот од

договорот кој се однесува на времетраењето на договорите се менува и гласи ..."или до целосно искористување на вредноста на основниот договор... или до спроведување на нова постапка за јавна набавка"... што укажува на несоодветно планирање на постапките за јавни набавки во делот на вредноста и количините на договорите и нивното времетраење;

- кај дел од договорите утврдивме и вредносно надминување на договорите во износ од 20.330 илјади денари[2] (Прилог 5);
- за склучениот договор за набавка на мазут М1 во 2014 година, во вредност од 21.240 илјади денари, не е воспоставено количинско следење на истиот;
- кај набавката на храна прегледите за реализација содржат податоци за испратени нарачки, со датум и место на испорака и нивна потврда за извршена набавка од лицето задолжено за следење на договорот, но истите не содржат податок за фактурата по која е извршена набавката со цел усогласување на нарачката со фактурата, што го отежнува следењето на реализацијата на договорите;
- кај набавките на надворешни гуми воспоставено е вредносно и количинско следење на договорите, кои меѓусебно се поклопуваат, со одредени отстапувања. Количинската реализација се води по издадени налози, што не значи дека истите се реализирани, од причина што МВР нема утврдено временска рамка во кој издадениот налог треба да биде реализиран. Од лицето за следење на реализацијата на договорот беше образложено дека со избраниот економски оператор се врши усогласување на издадените со реализираните налози, за што на ревизијата не и беше приложен пишан документ.

Ваквата состојба влијае врз соодветна реализација на договорите за јавни набавки и рационално и економично трошење на средствата.

Препорака:
Одговорното лице на МВР да преземе мерки и активности за:

- донесување на интерен акт/процедура во кој ќе биде утврден начинот на следењето на реализацијата на договорите и тоа: количински, вредносно и временски,
- да се ставаат во функција сите модули на постоечкиот софтвер за материјално, магацинско, логистичко и финансиско работење со цел да се овозможи следење на реализацијата на договорите во однос на количина, цена и временски рокови.

[2] Податоците за реализација на договорите се преземени од Софтверот за внес на договори и анекси и нивно следење со цел пополнување на О1 и ПО1 обрасци кој во рамките на одделението за буџетска контрола при Секторот за финансиски прашања се користи од 2014 година па наваму, односно реализацијата за договорите пред овој период не е опфатена во истиот.

## 4.3. Договори за набавка на реагенси за опрема/генетски анализатори и услуги за сервисирање и одржување на наведената опрема

Во текот на 2014 и 2015 година МВР спровело две постапки за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас согласно член 99 точка 1 став 1 алинеа 2 од ЗЈН., по што склучило два договори со ист економски оператор во вкупна вредност од 14.192 илјади денари и тоа за набавка на реагенси за опрема/генетски анализатори и за набавка на услуги за сервисирање и одржување на наведената опрема.

Како основ за користење на овој вид на постапка наведени се причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и слично), поради што договорот може да го изврши само одреден економски оператор. Со увид во расположливата документација утврдивме дека во текот на постапките од страна на економскиот оператор како доказ за постоењето на ексклузивни права доставена е изјава согласно која истиот е назначен од страна на производителот (странска фирма) да биде ексклузивен и целосно овластен дистрибутер за неговите производи. Ревизијата смета за потребно да укаже дека ексклузивни права се правата кои произлегуваат од заштита на интелектуалната сопственост, како патенти, авторски права и права од индустриска сопственост. Од тука произлегува дека правата на застапништво и дистрибуција кои ги даваат приватните субјекти на други приватни субјекти преку договор за застапништво или дистрибуција не можат да се користат како основа за спроведување на постапка со преговарање, без претходно објавување на оглас.

Ваквиот начин на докажување на причини врзани за заштита на ексклузивните права има за ефект намалена транспарентност и можност за субјективно однесување на учесниците во постапката.

Препорака:
Одговорното лице на МВР да преземе мерки и активности со кои ќе обезбеди доказ за оправданоста за користењето на постапката со преговарање без објавување на оглас, како и нејзиното користење да го сведе на минимум.

## 4.4. Договори за изградба на полициски станици и противпожарна станица

МВР во текот на 2014 година спровела две постапки за јавни набавки за изградба на полициска станица во Јегуновце и полициска станица и противпожарна станица во Ѓорче Петров и склучила договори во вкупна вредност од 71.336 илјади денари. Од извршениот увид во досиејата од спроведените постапки, склучените договори, извештаите од стручниот надзор

и доставените времени ситуации, ревизијата ја утврди следната состојба:

- договорите за надзор над градбите се склучени во месец март, односно мај 2015 година иако изградбата на објектите согласно динамичкиот план за градење се започнати во месец ноември 2014 година, односно месец јануари 2015 година. Од страна на МВР овластени се лица за вршење надзор над градбата до склучување на договорот за надзор, поради што дел од времените ситуации за извршени градежни работи пред склучувањето на договорите за надзор, не се потпишани од страна на надзорен инженер, што не е во согласност со член 33 од Законот за градење согласно кој лицата што вршат надзор треба да поседуваат лиценца за надзор;
- во текот на 2015 година за изградбата на полициската станица Јегуновце доставени се четири времени ситуации во износ од 20.630 илјади денари. Од извршениот увид на приложената документација ревизијата утврди дека во сметководството на МВР се евидентирани обврски во поголем износ од 4.374 илјади денари поради грешка во прокнижувањето на третата времена ситуација. Поради тоа во 2015 и 2016 година од страна на МВР извршено е плаќање на евидентираните обврски во поголем износ од реално настанатите обврски. Откако е увидена грешката за извршените плаќања, од страна на МВР превземени се активности за поврат на повеќе уплатените средства. Заклучно со денот на извршување на ревизијата ваквата состојба е надмината;
- МВР согласно заклучок на Владата на РМ во 2015 година започна со изградба на противпожарна станица во општина Ѓорче Петров. Согласно Законот за пожарникарството, противпожарните единици се формираат од страна на Градот Скопје и општините[3], а противпожарните станици како објекти во кои се сместени и кои се користат од нивна страна, се во сопственост на општините во чија надлежност се овие единици. МВР како носител на постапката за изградба на објектот нема потпишано акт/договор со Градот Скопје, со кој акт ќе се регулираат меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од постапката на изградба и предавањето на објектот во сопственост на Градот Скопје.

Препорака:

Одговорното лице на МВР да превземе мерки и активности за регулирање на меѓусебните права и обврски со Градот Скопје, како и да го утврдат начинот на предавањето на објектот во негова сопственост.

---

[3] Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Штип, Ресен, Кавадарци, Валандово, Дебар, Берово, Виница, Делчево, Крива Паланка, Кратово, Струга, Кичево, Крушево, Македонски Брод, Радовиш, Свети Николе, Пробиштип, Демир Хисар и Неготино

## 4.5. Договор за набавка на флуоросцентни елеци за потребите на полицијата

Во текот на 2015 година МВР спровело постапка за набавка на флуоросцентни елеци за потребите на полицијата, во вкупен износ од 4.531 илјади денари. При спроведување на постапката, договорниот орган откако добил негативен одговор од Советот за јавни набавки согласно член 36-а став 2 од ЗЈН, ја променил тендерската документација, во која како критериум веќе не предвидува утврдување на техничка и професионална способност туку само лична способност за вршење на професионална дејност, поради што престанала и потребата за обезбедување на согласност од советот. Во изменетата тендерска документација договорниот орган повторно предвидел обврска за економските оператори да достават мостра и сертификати/ извештаи од извршена лабораториска анализа на квалитет на готов производ, меѓутоа не како критериум за оцена на способност, со нагласување дека доколку истите не ги исполнуваат барањата од техничката спецификација во рамките на дозволените отстапувања, понудите ќе бидат оценети како неприфатливи и нема да се разгледуваат во понатамошната евалуација. Ваквата состојба не е во согласност со член 153 од ЗЈН[4] согласно кој, во периодот на започнување на постапката, доставувањето на сертификати и мостри од страна на економските оператори претставуваат критериуми за докажување на нивната техничката и професионална способност. Врз основа на вака утврдена тендерска документација и поставените критериуми констатирани се следните состојби:

- комисијата за јавни набавки не постапила согласно решението од Советот за јавни набавки, согласно кој доставувањето на мостра и сертификат/извештај од акредитирана лабораторија премногу ја оптоваруваат постапката и дека договорниот орган треба да внимава, бројот на документи и минималните критериуми за утврдување на способноста, да бидат пропорционални со предметот на набавката. Истата ги оценила како неприфатливи понудите на економските оператори како единствени конкуренти на избраниот економски оператор, поради утврдени недостатоци во доставените сертификати/извештаи од акредитирана лабораторија, како и поради неусогласувања кои комисијата ги констатирала помеѓу доставениот готов производ и мострата, врз која истите требало да бидат изработени;
- во понудата на избраниот економски оператор недостасува сертификат/извештај од извршена лабораториска анализа на квалитет на готов производ. Од страна на истиот доставени се сертификати за квалитет

[4] Закон за јавните набавки („Службен весник на РМ" број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, Испр. 160/13, 28/14, 43/14, Автентично толкување 111/14, 130/14, 180/14, 78/15)

на материјалите од кој е изработен истиот;

- врз основа на извршениот увид во доставениот конечен производ и техничката спецификација за квалитетот и изгледот на потребниот производ утврдена е разлика во изработката. И покрај тоа што во техничката спецификација предвидено е во средишниот преден дел на готовиот производ да се извезе македонско знаме, но истата не е постапено. За ист и слични критериуми друг економски оператор е исклучен од предметната набавка;
- испораката на предметната набавка е извршена со задоцнување од 50 дена, спротивно на одредбите од склучениот договор и условите од тендерската документација.

Вака утврдените критериуми во тендерска документација и извршената евалуација од договорниот орган влијае врз обезбедувањето на конкуренцијата и еднаквиот третман на економските оператори.

Препорака:
Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за воедначено постапување од страна на комисиите за јавни набавки при утврдување на критериумите за докажување на нивната техничката и професионална способност во тендерската документација.

4.6. Договор за набавка на услуга за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа во објекти на МВР

Во текот на 2013 година спроведена е постапка за набавка на услуга за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа во објекти на МВР во вкупен износ од 11.800 илјади денари. Вака склучениот основен договор бил изменет и дополнет преку спроведени две постапки со преговарање без објава на оглас согласно член 99 став 1 точка 4 алинеја 1 и 2 и став 2 од ЗЈН како резултат на кои се склучени 3 анекс договори. Со увид во договорите и анексите по истите, ја констатиравме следната состојба:

- со првиот анекс договор извршено е дополнување и вредносно проширување на основниот договор за набавка на стоки согласно дополнително утврдена техничка спецификација за 30% од неговата вредност за износ од 3.540 илјади денари, во рамки на законски дозволениот лимит, со што вкупна вредност на основниот договор е во износ од 15.340 илјади денари;
- со вториот анекс договор предвидена е набавка на нови ПП апарати, резервни делови и услуги за противпожарна заштита за износ кој не смее да надмине 277 илјади денари и сето тоа во рамките на финансискиот праг утврден во Анексот 1;
- со третиот анекс договор извршена е промена на суштествената одредба од

договорот согласно која наместо обврска за сукцесивна испорака на услугата за период од 2 години од потпишувањето на договорот предвидена е обврска за реализација по истиот до целосно исполнување на финансиските средства на основниот договор.

Со извршениот увид во спроведената постапка, склучениот договор/анекс договори, како и реализацијата по истите (увид во осум фактури) заклучно со 31.12.2015 година, ревизијата ги утврди следните состојби:

- при реализацијата на договорот извршено е надминување на вредноста на основниот договор и на анекс договорите во вкупен износ од 5.221 илјади денари. По истиот договор во текот на 2016 година дополнително е фактуриран износ од 538 илјади денари;
- извршена е набавка на стоки која не е предвидена со основниот и анекс договорите, во износ од 1.344 илјади денари;
- комисијата за јавна набавка не постапила согласно член 99 став 6 односно не дава детално образложение за причините за спроведување на постапката;
- во изготвениот извештај од спроведена постапка недостасува предлог до одговорното лице на субјектот за тоа понудата на кој економски оператор е најповолна за договорниот орган, што не е во согласност со член 140 став 9 од ЗЈН. Напоменуваме дека договорот е склучен со економскиот оператор кој имал најповолна понуда, согласно изготвениот извештај од страна комисијата за јавни набавки;
- во отсуство на количинска и вредносна реализација по предметната набавка договорниот орган не е во можност да ја следи обврската предвидена со член 99 став 2 од ЗЈН согласно која вкупната вредност на дополнителните работи, не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор.

Наведените состојби упатуваат дека при реализацијата на наведената набавка не е постапено во целост согласно е предвидени одредбите од истиот.

Препорака:
Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за соодветно планирање на потребите на договорниот орган за предметната набавка како и унифицирање на начинот на предметно, вредносно и количинско следење на договорот.

## 4.7. Договор за набавка на гориво за млазни мотори

Во текот на 2013 година МВР спроведува постапка за набавка на гориво за млазни мотори во вкупен износ од 28.320 илјади денари. Со извршениот увид во одредбите од склучениот договор и неговата реализација утврдени се следните состојби:

- на ревизијата не и беше обезбеден податок за временска, вредносна и

количинска реализацијата на овој договор. Поради тоа договорниот орган не е во можност да го следи почитувањето на одредбата од член 4 согласно која носителот на набавката се обврзува да одобри 0,300 денари/литар рабат на целата преземена количина по пат на книжно одобрение, под услов да се исполни количината од 400.000 литри за период од една година од склучувањето на договорот;

- ревизијата не се увери дека во текот на 2015 година е постапувано согласно член 4 од склучениот договор односно носителот на набавката при секоја промена на цената на млазното гориво доставува копија од Ценовникот на гориво за млазни мотори како потврда на фактурираната цена;
- согласно член 5 од договорот, неговата важност започнува со денот на потпишувањето на договорот, а завршува со испорака и плаќање на вкупната договорена количина за една година или достигнување на вкупната вредност во зависност, од тоа што попрво ќе стаса. И покрај тоа што е предвидено едногодишно траење на договорот, договорниот орган продолжил да реализира набавки и во 2015 година. Во текот на 2015 по истиот реализирани се набавка во износ од 8.776 илјади денари;
- не се почитува одредбата од договорот со која е предвидена обврска носителот на набавката, горивото да го испорачува директно во воздухопловите на договорниот орган, на платформа на аеродромската полициска база веднаш по завршување на формалностите за добивање на дозвола за користење на цистерна за таа намена од Бирото за метрологија. За целиот период на договорот и по истекот на неговата важност испораката се врши преку аеродромската платформа што е наменета за полнење на млазно гориво на носителот на набавката;
- не се почитува обврската предвидена во член 8 од договорот согласно која носителот на набавката се обврзува како гаранција за квалитетот на испорачаното горивото, со секоја испорака, да приложува изјава за сообразност и сертификат за лабораториска анализа со кој се докажува квалитетот на истото.

Ваквата состојба влијае врз навременото и квалитетно извршување на договорот, како и врз испораката на квалитетни стоки за потребите на МВР.

Препорака:
Одговорното лице во МВР при набавка на гориво за млазни мотори да преземе мерки и активности за доследно почитување на одредбите од договорот со кои се утврдуваат правата и обврските на договорните страни како и следење на договорот.

4.8. Договор за набавка на моторен бензин

МВР во текот на 2012 година спроведува постапка и склучен е договор за набавка на моторен бензин еуросупер 95 во вкупна вредност од 153.400 илјади денари. Согласно договорот цената на горивото при фактурирањето треба да содржи пресметан ДДВ, зависни трошоци, транспорт и истовари и истата да е без пресметана акциза, согласно важечката акцизна дозвола која ја поседува МВР.

Со извршениот увид во спроведената постапка, склучениот договорот и реализацијата по истиот ревизијата ја констатира следната состојба:

- во доставените фактури носителот на набавката не го прикажува одвоено одобрениот рабат утврден во склучениот договор помеѓу договорните страни, кој е предвиден како задолжителен елемент на секоја испорачана фактура;
- во прилог на 2 (две) од доставените 3 (три) фактури од предметниот набавувач недостасува изјава за сообразност (образец ТНГ-1) на квалитетот на горивото, согласно Правилникот за квалитет на течни горива што не е во согласност со член 7 од склучениот договор;
- со извршениот увид во фактурите (избрани по случаен избор) ревизијата констатира дека испораката на набавената количина моторен бензин ја извршува фирма која од страна на носителот на набавката не е назначена како фирма подизведувач. За истата во прилог на досието недостасува договор за деловна/техничка соработка како и изјава со која подизведувачот докажува дека не му е изречена правосилна пресуда за учество во криминална организација, корупција, измама и перење пари. На овој начин дел од документите со кои се докажува техничко професионалната способност на економските оператори (сертификати за возачи и цистерни) не одговараат со оние со кои фактички е извршена испораката на терен. Во текот на постапката еден од економските оператори кои учествувале во истата бил исклучен од понатамошно учество поради недоставени АДР сертификати;
- во отсуство на вредносна и количинска реализација невозможно е следење на акцизното одобрение во услови кога истото се издава на име на договорниот орган на определена количина, за определен тип на гориво. Во сите доставени фактури добавувачот се повикува на акцизно одбрение од 2009 година кое во моментот на склучување на договорот повеќе не било во сила.

Ваквата состојба влијае врз навременото и квалитетно извршување на договорот, како и врз испораката на квалитетни стоки за потребите на МВР.

Препорака:

Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за доследно почитување на одредбите од договорот со кои се утврдуваат правата и обврските на договорните страни како и следење на договорот.

## 4.9. Договори за набавка на гориво со вредносни електронски картици (ваучери)

Во текот на 2013[5] и 2014[6] година МВР спровело две постапки со преговарање без објава на оглас за набавка на гориво со вредносни електронски картици (ваучери) за моторните возила на организационите единици на МВР на целата територија на РМ. Договорниот орган склучил два договори врз основа на кои во текот на 2013, 2014, 2015 година економскиот оператор испорачува фактури за издадени вредносни ваучери, за кои МВР плаќа авансно. Во фактурите продавачот ја пресметува и вредноста на договорениот рабат од 0,5 денари по литар во апсолутен износ за вкупната потрошувачка на гориво за претходниот месец. Со исполнувањето на определена количина на гориво носителот на набавката треба да одобри и дополнителен рабат пропорционално на потрошените количини.

Со извршениот увид во спроведените постапки за јавни набавки, склучените договори и нивната реализација ревизијата ја констатира следната состојба:

- во договорот склучен 2013 година договорниот орган не го утврдил времетраењето и вредноста на истиот, додека во договорот склучен 2014 година не е утврдено неговото времетраење. Притоа договорниот орган во одлуката за ЈН и известувањето за склучен договор доставено до БЈН, известил дека договорите се склучуваат на една година, а вредноста на склучениот договор од 2013 година е на износ од 52.000 илјади денари;
- во склучените договори и приложените фактури недостасува обврска/ информација за договорот по кој истите се испорачуваат, на кој начин се отежнува следењето на реализацијата по истите;
- во приложените фактури недостасува податок за бројот на договорот по кој се врши испораката на горивото, со што се отежнува следењето на реализацијата на договорите. Исто така во приложените фактури не се наведени испорачаните количини на гориво, кој податок согласно член 53 став 10, точка 5 од Законот за додадена вредност е задолжителен елемент на секоја фактура, а кои претставуваат основа за пресметка на утврдениот рабат согласно договорот.
- во услови кога МВР не располага со информација за колкава количина на еуросупер и еуродизел потрошило, истото не е во можност да го следи исполнувањето на одредбите од двата договори, кои се однесуваат на условите и начинот на плаќање;

[5] Договор за јавна набавка на гориво од бензински станици со вредносни електронски картици (ваучери) бр.17.1-35294/1 од 03.06.2013 година

[6] Договор за јавна набавка на гориво од бензински станици со вредносни електронски картици (ваучери) бр. 17.1-89651/1 од 18.12.2014 година

- во текот на 2014 година, по истек на една година од склучувањето на договорот, економскиот оператор носител на предметната набавка по договорот од 2013 година дозволил книжно одобрение за дополнително одобрен рабат во висина од 0,5 денари по литар гориво за потрошени 547.802 литри гориво во износ од 323 илјади денари. Како последица на неутврдениот рок на траење на договорот, по истекот на периодот од една година, МВР има набавено гориво во вредност од 21.666 илјади денари за кои количини не е пресметан дополнителен рабат. По договорот од 2013 година испорачани и платени се фактури во износ од 1.791 илјади денари кога веќе е започнат и се реализира договорот склучен од 2014 година;
- исто така и за испорачаните количини по договорот за 2014 година, економскиот оператор нема пресметано и одобрено дополнителен рабат. По укажување на ревизијата, по истек на една година од престанокот на реализацијата на истиот, доставено е книжно одобрение за дополнително одобрен рабат во висина од 0,6 денари по литар гориво за потрошени 630.570 литри гориво заклучно со 27.11.2015 година, во вкупен износ од 446 илјади денари. Од месец октомври 2015 година на сила е нов договор, иако согласно договорот од 2014 година останале неискористени 10.422 илјади денари. Неискористениот дел од договорот би имал влијание врз висината на дополнително одобрениот рабат.

Наведените состојби влијаат врз исполнувањето на одредбите од склучените договори и соодветно следење на реализацијата на договорите како и добивање на дополнителен рабат и заштеда на буџетски средства.

Препорака:
Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за соодветно планирање на потребите за јавни набавки, утврдување и прецизно дефинирање на времетраењето и вредноста на договорите, како и нивно соодветно вредносно и количинско следење.

4.10.Договор за набавка на еуродизел гориво

Од страна на договорниот орган во 2014 година спроведена е постапка за набавка на еуродизел гориво, во вкупна вредност од 103.840 илјади денари, за бензинските станици, сопственост на МВР. Со извршениот увид на реализацијата на склучениот договор преку избраниот примерок на фактури ревизијата утврди состојби на недоследно почитување на одредбите од склучениот договор и тоа:
- на ревизијата не и беше доставена документација за количинско следење на склучениот договор за набавка;
- фактурирањето за извршните набавки не е извршено согласно член 11 од

склучениот договор, односно во фактурите не е наведен бројот и важечка одлука од регулаторна комисија за енергетика по која се извршува фактурирањето, не се наведени единечните договорни цени и пресметаниот/одобрениот рабат. Исто така во доставените фактури е наведено Одобрение за овластено користење на акцизни добра од 2009 година и покрај тоа што МВР има добиено ново акцизно одобрение од 2014 година;

- превозот на стоките кои се предмет на договорот се извршуваат од страна на други (нови) подизведувачи, за кој на ревизијата не и беше презентирано одобрување од страна на договорниот орган, согласно член 13 од склучениот договор, како и документација за потврда дека новите подизведувачи ги исполнуваат условите предвидени во тендерската документација.

Воспоставениот начин на постапување при реализацијата на договорите за јавните набавки создава ризик да се испорачуваат стоки кои не се во согласност со условите предвидени со договорот за набавка (цена, количина).

Препорака:

Одговорното лице на МВР да преземе мерки и активности за уредување на односите со избраниот економски оператор во делот на ангажирање на подизведувачи и начинот на докажувања на нивната способност.

4.11. Договор за набавка на надворешни гуми – пневматици

Во текот на 2014 година МВР спровело постапка за набавка на надворешни гуми – пневматици врз основа на која е склучена рамковна спогодба со еден економски оператор, која треба да се реализира сукцесивно за период од една година согласно неговите потреби, преку доделување на поединечни договори без повторно прибирање на понуди во вкупен износ од 18.880 илјади денари. Согласно склучената рамковна спогодба квалитативниот прием се врши во простории кај продавачот за што се изготвува и потпишува записник за извршен квалитативен прием, а квантитативниот прием се врши во магацин на купувачот од негов надлежен претставник со потпишување на испратница. Пред монтирањето - демонтирањето на гумите се доставува работен налог во кој задолжително се содржани податоци за пневматиците кои треба да бидат променети, а кои претходно се земени со поединечниот договор склучен меѓу двете договорни страни. Носителот на набавката е должен да обезбеди бесплатно складирање – чување на сите променети пневматици во соодветен магацински простор.

Врз основа на извршениот увид во спроведената постапка, склучениот договор и реализацијата по истиот констатирани се следниве состојби:

- постапката на јавна набавка не е предвидена со планот за ЈН за 2014 година, а

се спроведува врз основа на одлука за јавна набавка донесена во месец јуни 2014 година, која се повикува на измена на план за ЈН на МВР за 2013 година;

- утврдена е разлика во доставената техничка понуда од страна на избраниот економски оператор, кој за дел од ставките во делот тежински и брзински индекс направил отстапувања од бараните параметри согласно понудата, кои како составен дел од тендерската документација биле внесени како непроменлив елемент на истата. Од приложените ценовници може да се констатира дека истите влијаат на цената на секоја гума поединечно;
- со извршениот увид во техничката спецификација и врз неа доставената техничка и финансиска понуда, во делот димензии на пневматици во различни ставки, побарани се исти димензии со различен опсег на ознаките за ефикасност на потрошувачка и контакт со влажен коловоз. Имајќи во предвид дека овие ознаки се преклопуваат по својот опсег, односно едната ставка ја опфаќа другата, а истите влијаат на цените, за поголема транспарентност на понудата неопходно е во тендерската спецификација да се предвиди по една ставка за иста димензија;
- иако предмет на евалуација е само една понуда, бидејќи другите понуди во текот на постапката биле исклучени поради недостатоци во способноста, со извршената компарација со цените за истите ставки доставени во финансиски понуди на другите економски оператори констатирани се големи отстапувања за истите типови на гуми. За 17 ставки утврдени се отстапувања во цените, односно истите се пониски дури и во сооднос од 1:30. Согласно член 163 од ЗЈН доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена, што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, договорниот орган од понудувачот бара докази за оправдување на цената на понудата. Во прилог на досието од спроведената постапка за јавна набавка нема потврда дека договорниот орган постапил согласно наведената законска одредба. Од наведените 17 ставки со понудени пониски цени, МВР има реализирано набавка по 4 ставки, при што се набавени вкупно 42 парчиња. По останатите 13 ставки воопшто не е набавувано;
- од вкупно предвидените 74 ставки извршени се набавки по 37 ставки од кои набавени се вкупно 1.339 парчиња надворешни гуми. Од нив само по 3 ставки набавени се вкупно 773 парчиња што претставува 58% од вкупната набавена количина. Исто така во текот на 2015 договорниот орган набавил надворешни гуми за сопствени потреби кои не биле предвидени со техничката спецификација на предметниот договор во износ од 862 илјади денари. Наведената состојба укажува на потребата од подобрување на процесот на планирање, согласно реалните потреби на МВР како и на потребата од наведување на максималните количини по ставка, а во насока на обезбедување информации неопходни за конкретниот предмет на набавка,

со цел економските оператори да можат квалитетно да ја поднесат својата понуда;

- во отсуство на максимални количини по ставка утврдени со рамковната спогодба, договорниот орган склучил 3 поединечни договори, со избраниот економски оператор, со кои ги испланирал вкупната количина за потребите на МВР. Согласно склучените договори економскиот оператор е должен во целост да ги испорача во рок од 4 дена од денот на склучувањето на истите. Реализацијата по овие договори е извршена преку достава на 34 фактури испорачани во период од четири месеци од склучувањето на поединечните договори. Ова значи дека за секоја испорака договорниот орган не склучува поединечни договори, како што е предвидено со одредбите од рамковната спогодба;
- договорниот орган не врши квантитативен прием на купените стоки во сопствените магацини, односно гумите се инсталираат на возилото во просториите на продавачот. Исто така МВР сметководствено не ги евидентира набавените гуми, како и не врши попис за тековната година на сите променети гуми кои се чуваат во магацинскиот простор на носителот на набавката, а кои се во сопственост на МВР.

Ваквата состојба создава ризик од несоодветно планирање на потребите, складирање и евиденција на набавените гуми.

Препорака:
Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за соодветно планирање на потребите, како и пропишување на интерен акт со кој ќе се регулира постапката за ставање во употреба, користење и чување на гумите за потребите на МВР.

4.12. Договор за исхрана на припадниците на полицијата сместени во касарната Илинден

Во 2015 година од сметките на МВР извршено е плаќање за исхрана на припадниците на полицијата, сместени во касарната Илинден во износ од 17.615 илјади денари, по склучени договори во 2012 и 2015 година. Од извршениот увид на склучените договори и финансиската документација, ревизијата ја утврди следнава состојба:

- не се почитуваат одредбите од договорите кои се однесуваат на доставување на фактурите за извршени услуги. Имено фактурите не се доставуваат месечно како што е предвидено со член 9 од склучениот договор, односно се фактурираат издадените оброци во текот на неделата и тоа по просечна цена за оброк добиена од цените на секој издаден оброк во текот на неделата, а не по утврдената цена на оброците дадени во понудата од економскиот

оператор, како составен дел од договорите. Ваквата состојба е надмината во 2016 година, односно услугите за исхрана се фактурираат согласно цената на издадени оброци по лице и

- во месец август 2014 година склучен е анекс договор кон основниот договор од 2012 година, со цел користење на дополнителни услуги до објавување на нов оглас и склучување на нов договор, во вредност не поголема од 30% од основниот договор, без спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, согласно член 99 од ЗЈН. Ваквата состојба влијае врз конкурентноста и транспарентноста помеѓу економските оператори.

Препорака:
Одговорното лице во МВР да преземе мерки и активности за склучување на анекс договори согласно одредбите предвидени во ЗЈН.

Основ за изразување на заклучок

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување на заклучок, во точките од 4.1. до 4.12. е: не целосно почитување на дел од одредбите од ЗЈН кај дел од спроведените постапки за јавни набавки; непрезентирана документација за извршено количинско и вредносно следење на реализацијата на дел од договорите; утврдено нивно вредносно надминување; спроведување на набавката на стоки и услуги врз основа на спроведени постапки за јавна набавка со преговарање без објавување на оглас, врз основа на користење на ексклузивните права; склучени договори за надзор на градби со задоцнување; вредносно надминување на основниот договор и анекс договорите, како и набавка на стоки кои не се предвидени со склучените договори; не утврдено времетраење и вредност кај дел од склучените договори; несоодветно планирање на потребните видови и количини на некои од стоките во дел од склучените договори; склучување на анекси кон договорите во вредност не поголема од 30% од основните договори, без спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас.

5. Ревизорски заклучок

Заклучок со резерва

Врз основа на извршената ревизија, утврдивме дека, освен за прашањата изнесени во точките од 4.1. до 4.12., начинот и постапките за доделување на договорите за јавни набавки кои се реализираат во 2015 година во Министерството за внатрешни работи, се во согласност, во сите материјални

аспекти, со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. МВР во 2005 година склучила договор за набавка и одржување на систем за дизајнирање, производство и долгорочна набавка на бланко документи според ICAO и ISO стандардите и ЕУ регулативите за пасоши, лични карти и возачки дозволи. Вкупната вредност на договорот изнесува 23.458.400 евра со вклучен ддв. Системот е ставен во употреба со тест за негово прифаќање во март 2007 година, од кога започнува и продукцијата на лични документи и одржувањето на системот во период од 10 години. Важноста на договорот истекува во март 2017 година.

Во период од 2007 до 2010 година склучени се повеќе анекси кон основниот договор со кои е зголемена неговата вредност во износ од 15.238.466 евра, односно 55% од вредноста на основниот договор, иако во член 99 став 2 алинеа 2 од Законот за јавните набавки, е наведено дека ............ *„кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето, должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор"*...........

Од причина што важноста на постоечкиот договор истекува во март 2017 година, во текот на 2016 година од страна на МВР се преземени активности и формирана е работна група која треба да изврши анализа на состојбата со бројот и видот на обрасците за издавање на лични документи на граѓаните на РМ и анализа на склучениот договор со можност за негово продолжување за период од две години, со цел надминување на можноста од создавање на правен вакум и застој на продукцијата на личните документи, поради истекување на важноста на истиот. Работната група дала предлог за склучување на нов договор со постојаниот економски оператор за период од две години, а основот за склучување на новиот договор ќе преставува членот 99 став 1 точка 1 алинеа 2 од ЗЈН, односно поради заштита на ексклузивното право договорот може да го изврши само одреден економски оператор. Исто така работната група предлага по склучувањето на новиот договор да се преземат мерки и активности за склучување на нов договор за набавка на лични документи и одржување на системот, согласно одредбите од ЗЈН.

За ваквата состојба побарано е мислење од Бирото за јавни набавки при Министерството за финансии и добиен е одговор дека МВР треба да утврди дали се исполнети условите за примена на постапката со преговарање без објавување на оглас поради заштитеното ексклузивно право на лиценците за интеграција и одржување на опремата и системот за изработка на личните документи и истото треба детално да го образложи и да обезбеди соодветни докази.

МВР на ден 28.12.2016 година има склучено рамковна спогодба со постојаниот економски оператор за набавка на биометриски лични документи за идентификација за период од две години, со образложение дека е потребно да се обезбеди континуитет во издавањето на истите.

6.2. Од извршениот увид во приложената документација ревизијата утврди дека во 2015 година во МВР извршени се плаќања за одржување на ИТ системи и опрема и за набавка на лиценци во вкупен износ од 31.949 илјади денари по следниве договори и тоа:

- договор[7] за одржување на хардвер и софтвер на IBIS TRAX производ дизајниран и произведен од добавувачот склучен во 2008 година во вкупен износ од 11.502 илјади денари, односно 185.334 ЕУР и
- договори[8] за одржување и закуп на годишни лиценци на ИТ системот на МВР склучени во 2006 и 2008 година, во вкупен износ 20.447 илјади денари, односно 362.438 ЕУР.

Договорите се склучени со производителите на ИТ системите и опремата, на неопределено време, односно доколку една од страните однапред не ја извести другата страна, за намерата да не се обнови договорот. Цената на услугите во договорите се однесува за една година.

Ревизијата истакнува дека со измените на ЗЈН од октомври 2013 година, согласно член 17 став 6 предвидено е ...„*Тендерската документација и договорот за јавна набавка на услуги за изработка и дизајнирање на софтверско решение за потребите на договорниот орган задолжително содржи одредба со која ќе се предвиди сопственост на договорниот орган врз изворниот код на софтверското решение*„...... Имајќи го во предвид наведеното, ревизијата смета дека потребно е да се направи анализа на трошоците на веќе воспоставениот начин на одржување на ИТ системите од една страна, како и анализа на трошоците доколку се извршат нови постапки за јавни набавки, со кои услугите за одржување на ИТ системите на МВР нема да се задолжително поврзани со добавувачите на хардверското односно софтверското решение, од

[7] Договор број 14-4610/1 од 05.08.2008 година за одржување на хардвер и софтвер на IBIS TRAX производ дизајниран и произведен од Forensic Technology.
[8] Договор за одржување MA0050 од 24.03.2008 година и Договор за набавка на лиценци MA088DOS од 22.11.2006 година склучени со IBM.

друга страна.

МВР во 2013 година има започнато активности за реализација на проект "Модернизација на информациониот систем на МВР", со цел да се обезбеди модернизација, отвореност, независност и интероперабилност на информатичката платформа на МВР.

7. Останати прашања

7.1. Договорниот орган согласно одредбите од ЗЈН е должен да оформи досие за постапката за секој доделен договор за јавна набавка или склучена рамковна спогодба и да го чува најмалку пет години од денот на извршувањето на склучениот договор за јавна набавка. Во член 173 од ЗЈН е утврдена содржината на досието за постапката за доделување на договор за јавна набавка. Доколку договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор со користење на електронски средства или електронски аукции, е должен да обезбеди целосно следење на активностите што ги спроведува за време на постапката за доделување на договорот, заради отворање на досието од членот 173 на овој закон.

Ревизијата истакнува дека за постапките кои се спроведуваат преку Електронскиот систем за јавни набавки, договорниот орган е потребно да оформи досие со сите документи предвидени во член 173 од ЗЈН и истото треба го чува најмалку пет години од денот на извршувањето на соодветниот договор за јавна набавка.

Во пракса има различно постапување од страна на договорните органи во делот на чувањето на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки, земајќи го во предвид член 8 од Правилник за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки, во кој е наведено дека ........*„електронската архива на ЕСЈН, опфаќа чување на електронските документи во изворен облик во кој се креирани, испратени, примени и архивирани„*......... па следствено на тоа во досиата за спроведените постапки не се чуваат електронските документи. Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да преземат активности за допрецизирање на наведениот правилник во однос на начинот на чување на електронските документи од спроведените постапки за јавни набавки.

Прилог 1

Договори предмет на ревизија

во 000 денари

| Реден број | Назив на добавувач | Број и дата на договор | Вредност на договор |
|---|---|---|---|
| 1 | Аутомакедонија | 17.1-42533/1 од 7/4/2013 | 46.085 |
| 2 | Аутомакедонија | 17.1-58766/1 од 9/25/2013 | 42.295 |
| 3 | Аутомакедонија | 18.1-242/1 од 3/16/2015 | 30.343 |
| 4 | Бапал Благој | 17.1-85003/1 од 1/1/2014 | 19.309 |
| 5 | Бапал Благој | 17.1-85004/1 од 1/1/2014 | 17.026 |
| 6 | Бапал Благој | 17.1-85006/1 од 1/1/2014 | 24.213 |
| 7 | Биосистеми | 17.1-55819/1 од 8/8/2014 | 12.442 |
| 8 | Биосистеми | 18.1-38065/1 од 6/8/2015 | 1.770 |
| 9 | Церес | 17.1-69838/1 од 10/3/2014 | 18.880 |
| 10 | Церес | 18.1-77668/1 од 20/10/2015 | 12.390 |
| 11 | Дона-М | 17.1-64891/1 од 9/15/2014 | 11.411 |
| 12 | Дона-М | 181-52363/1 од 17/08/2015 | 8.520 |
| 13 | Евроинс осигурување | 17.1-35266/1 од 5/13/2014 | 19.500 |
| 14 | Евроинс осигурување | 171-38635/1 од 5/27/2014 | 36.650 |
| 15 | Евроинс осигурување | 18.1-49813/1 од 7/30/2015 | 4.670 |
| 16 | Филипфрос | 18.1-57259/1 од 9/15/2015 | 10.478 |
| 17 | Гемакс Интернационал | 17.1-58095/1 od 8/22/2014 | 11.210 |
| 18 | Гемакс Интернационал | 17.1-82201/1 од 11/20/2014 | 2.655 |
| 19 | Гемакс Интернационал | 18.1-35824/1 од 6/2/2015 | 2.993 |
| 20 | Гемакс Интернационал | 18.1-53575/1 од 8/24/2015 | 1.468 |
| 21 | Годомин | 17.1-33261/1 од 5/5/2014 | 1.416 |
| 22 | Годомин | 17.1-70678/1 од 10/7/2014 | 6.927 |
| 23 | Годомин | 181-25571/1 од 16.04.2015 | 287 |
| 24 | Годомин | 181-52364/1 од 17.08.2015 | 3.840 |
| 25 | Голд Ива | 181-43001/1 од 29.06.2015 | 7.066 |
| 26 | Голд Ива | 18.1-45281/1 од 08.07.2015 | 2.550 |
| 27 | Хелиум | 17.1-59225/1 од 9/26/2013 | 15.617 |
| 28 | Изградба Комерц | 171-83697/1 од 11/26/2014 | 16.357 |
| 29 | Каргомакс | 17.1-36604/1 од 5/20/2014 | 27.133 |
| 30 | Компанија Поповски | 17.1-16403/1 од 2/26/2014 | 2.615 |
| 31 | Компанија Поповски | 17.1-20249/1 од 3/12/2014 | 6.293 |
| 32 | Компанија Поповски | 17.1-34441/1 од 5/30/2013 | 21.990 |
| 33 | Компанија Поповски | 17.1-34969/1 од 5/31/2013 | 6.840 |
| 34 | Компанија Поповски | 17.1-67152/1 од 10/28/2013 | 7.804 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35 | Компанија Поповски | 17.1-68241/1 од 11/19/2012 | 9.449 |
| 36 | Компанија Поповски | 17.1-72298/1 од 10/14/2014 | 10.587 |
| 37 | Компанија Поповски | 17.1-72340/1 од 10/14/2014 | 6.690 |
| 38 | Компанија Поповски | 17.1-75116/1 од 10/22/2014 | 5.116 |
| 39 | Компанија Поповски | 18.1-2573/1 од 1/15/2015 | 24.566 |
| 40 | Компанија Поповски | 18.1-39219/1 од 6/12/2015 | 7.055 |
| 41 | Компанија Поповски | 18.1-39220/1 од 6/12/2015 | 3.150 |
| 42 | Компанија Поповски | 18.1-43010/1 од 6/29/2015 | 1.992 |
| 43 | Компанија Поповски | 18.1-48939/1 од 7/24/2015 | 7.380 |
| 44 | Компанија Поповски | 18.1-53532/1 од 8/24/2015 | 1.260 |
| 45 | Компанија Поповски | 18.1-54379/1 од 8/27/2015 | 3.140 |
| 46 | Компанија Поповски | 18.1-58872/1 од 9/22/2015 | 5.339 |
| 47 | Компанија Поповски | 18.1-76655/1 од 10/19/2015 | 10.587 |
| 48 | Коп Компани | 18.1-241/1 од 3/16/2015 | 30.343 |
| 49 | Ланд-сервис | 17.1-85005/1 од 1/1/2014 | 101.787 |
| 50 | Лукоил | 17.1-28865/1 од 4/15/2014 | 103.840 |
| 51 | Лукоил | 17.1-68240/1 од 11/19/2012 | 153.400 |
| 52 | Лукоил | 18.1-46575/1 од 7/15/2015 | 129.800 |
| 53 | Македонски телеком | 16-80959/1 од 15.11.2011 | 300.000 |
| 54 | Макпетрол | 17.1-35294/1 од 6/3/2013 | 50.000 |
| 55 | Макпетрол | 17.1-89651/1 од 12/18/2014 | 51.920 |
| 56 | Макпетрол | 17.1-54582/1 од 9/6/2013 | 28.320 |
| 57 | Месна индустрија | 17.1-16404/1 од 2/26/2014 | 2.274 |
| 58 | Месна индустрија | 171-57022/1 од 9/27/2012 | 22.200 |
| 59 | Месна индустрија | 18.1-10102/1 од 2/13/2015 | 17.700 |
| 60 | Мотоцентар | 18.1-77668/1 од 20/10/2015 | 20.060 |
| 61 | Порше | 18.1-245/1 од 3/16/2015 | 30.343 |
| 62 | Промотинг | 18.1-4928/1 од 26.01.2015 | 44.088 |
| 63 | Пуцко петрол | 17.1-28096/1 од 4/11/2014 | 82.600 |
| 64 | Пуцко петрол | 17.1-39140/1 од 5/29/2014 | 21.240 |
| 65 | Раде Кончар | 17.1-36421/1 од 6/7/2013 | 76.649 |
| 66 | Секјуриком | 17.1-85007/1 од 1/1/2014 | 17.040 |
| 67 | Секјуриком | 17.1-85009/1 од 1/1/2014 | 18.725 |
| 68 | Винер Записници | 171-1369/1 од 09.01.2013 | 139.517 |
| 69 | Винер Записници | 18.1-2585/1 од 15.01.2015 | 64.600 |
| Вкупно: | | | 1.593.308 |

Прилог 2

## Недоследна примена на одредбите од Законот за јавните набавки

во 000 денари

| Реден број | Назив на добавувач | Број и дата на договор | Предмет на набавка | Вредност на договор | Не е во согласност со член од ЗЈН |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Гемакс Интернационал | 17.1-82201/1 од 20.11.2014 | набавка на стоки за пакување на храна и одржување на хигиена | 2.655 | член 32<br>член 117<br>член 36-а |
| 2 | Макпетрол АД | 17.1-35294/1 од 03.06.2013 | набавка на гориво со вредносни ваучери | 52.000 | член 140 |
| 3 | Макпетрол АД | 17.1-89651/1 од 18.12..2014 | набавка на гориво со вредносни ваучери | 51.920 | член 140<br>член 55 |
| 4 | Церес | 17.1-69838/1 од 10.03.2014 | набавка на надворешни гуми – пневматици | 18.880 | член 140<br>член 117<br>член 32 |
| 5 | Каргомакс | 17.1-36604/1 од 20.05.2014 | возила (камиони) за специјална намена | 27.133 | член 140 |
| 6 | Годомин | 17.1-70678/1 од 07.10.2014 | набавка на панталони | 6.927 | член 36-а |
| 7 | Дона - М | 17.1-64891/1 од 15.09.2014 | набавка на дводелен комплет за дожд | 11.411 | член 36-а<br>член 162 |
| 8 | Изградба Комерц | 17.1-83697/1 од 26.11.2014 | изградба на ПС Јегуновце | 20.630 | член 36-а |
| 9 | Годомин | 17.1-35261/1 од 05.05.2014 | набавка на свечена униформа | 1.416 | член 55<br>член 117<br>член 32 |
| 10 | Хелиум | 17.1-59225/1 од 26.09.2013 | одржување и сервивирање на ПП апарати и хидрантски мрежи во | 15.340 | член 55<br>член 162 |
| 11 | Дона - М | 18.1-52363/1 од 17.08.2015 | набавка на виндјакни | 10.054 | член 162 |
| 12 | Пуцко петрол | 17.1-39140/1 од 29.05.2015 | набавка на мазут М1 | 21.240 | член 140 |
| 13 | Гемакс Интернационал | 18.1-35824/1 од 02.06.2015 | набавка на прехрамбени стоки и пијалоци | 2.993 | член 117<br>член 32 |
| 14 | Компанија Поповски - Скопје | 17.1-72340/1 од 14.10.2014 | млеко, јогурт и павлака | 6.690 | член 36-а |
| 15 | Компанија Поповски - Скопје | 17.1-75116/1 од 22.10.2014 | набавка на сирење, топено сирење, кашкавал и млечен намаз | 5.116 | член 36-а |
| Вкупно: | | | | 254.405 | |

Прилог 3

## Договори за кои не е обезбедена реализација од страна на МВР

во 000 денари

| Реден број | Назив на добавувач | Број и дата на договор | Предмет на договор | Вредност на договор |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Компанија Поповски | 17.1-34441/1 од 30.05.2013 | набавка на храна-месо свежо, свинско, јунешко, месо пилешко за мрзнато и месо јагнешко свежо | 21.990 |
| 2 | Компанија Поповски | 17.1-34969/1 од 31.05.2013 | набавка на храна-топено сирење, сирење мешано бело, кашквал и кашкавл мешан и млечен крем | 6.840 |
| 3 | Компанија Поповски | 17.1-67152/1 од 28.10.2013 | набавка на храна-млеко, јогурт павлака | 7.804 |
| 4 | Компанија Поповски | 17.1-68241/1 од 19.11.2012 | набавка на храна-сувомеснати производи | 7.874 |
| 5 | Лукоил | 17.1-68240/1 од 19.11.2012 | набавка на моторен бензин | 153.400 |
| 6 | Македонски телеком | 16-80959/1 од 15.11.2011 | набавка на телекомуникациски услуги | 300.000 |
| 7 | Макпетрол | 17.1-35294/1 од 03.06.2013 | набавка на гориво со вредносни електронски картици (ваучери) | 50.000 |
| 8 | Макпетрол | 17.1-54582/1 од 06.09.2013 | набавка на гориво за млазни мотори | 28.320 |
| 9 | Месна индустрија | 17.1-57022/1 од 27.09.2012 | набавка на услуга за исхрана на припадниците на полицијата сместени во касарната Илинден | 22.200 |
| 10 | Хелиум | 17.1-59225/1 од 26.09.2013 | набавка на услуга одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантски мрежи во објекти на МВР | 15.340 |
| Вкупно: | | | | 613.768 |

Прилог 4

## Договори за кои се склучени анекси со кои се менува времетраењето на истите

во 000 денари

| Реден број | Назив на добавувач | Број и дата на договор | Број и дата на анекс кон договор | Предмет на договор | Вредност на договор |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Компанија Поповски | 17.1-34441/1 од 30.05.2013 | 17.1-42893/1 од 12.06.2014 | набавка на месо свежо, свинско, јунешко, месо пилешко за мрзнато и месо јагнешко свежо | 21.990 |
| 2 | Хелиум | 17.1-59225 од 26.09.2013 | 18.1-71909/1 од 08.10.2015 | набавка на услуга за одржување и сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа | 15.340 |
| 3 | Компанија Поповски | 17.1- 68241/1 од 19.11.2012 | 17.1-89268/1 од 30.12.2013 | набавка на сувомеснати производи | 7.874 |
| 4 | Компанија Поповски | 17.1- 34969/1 од 31.05.2013 | 17.1- 41851/1 од 10.06.2014 | набавка на топено сирење, сирење мешано бело, кашквал и кашкавл мешан и млечен крем | 6.840 |
| 5 | Компанија Поповски | бр. 17.1- 67152 /1 од 28.10.2013 | 17.1- 42894/1 од 12.06.2014 | набавка на млеко, јогурт павлака | 6.003 |
| 6 | Макеоднски телеком | 16-80959/1 од 15.11.2011 | 17.1-84819/1 од 01.12.2014 | набавка на телекомунукациски услуги | 300.000 |
| Вкупно: | | | | | 306.003 |

Прилог 5

## Договори за кои е надмината нивната вкупна вредност

во 000 денари

| Реден број | Назив на добавувач | Број и дата на договор | Предмет на договор | Вредност на договор | Вкупно надминуавње на договор * |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Компанија Поповски | 17.1-34441/1 од 30.05.2013 | набавка на храна-месо свежо, свинско, јунешко, месо пилешко за мрзнато и месо јагнешко свежо | 21.990 | 6.611 |
| 2 | Компанија Поповски | 17.1-34969/1 од 31.05.2013 | набавка на храна-топено сирење, сирење мешано бело, кашквал и кашкавл мешан и млечен крем | 6.840 | 3.239 |
| 3 | Компанија Поповски | 17.1-75116/1 од 22.10.2014 | набавка на храна-сирење, кашкавал и млечен намаз | 5.116 | 116 |
| 4 | Компанија Поповски | 18.1-43010/1 од 29.06.2015 | набавка на храна-сирење, кашкавал и млечен намаз | 1.992 | 462 |
| 5 | Компанија Поповски | бр. 17.1-72298/1 од 14.10.2014 | набавка на храна-сувомеснати производи | 10.587 | 37 |
| 6 | Компанија Поповски | 17.1- 68241/1 од 19.11.2012 | набавка на храна-сувомеснати производи | 7.874 | 9.228 |
| 7 | Компанија Поповски | 18.1-2573/1 од 15.01.2015 | набавка на храна-месо свежо, свинско, јунешко, месо пилешко за мрзнато и месо јагнешко свежо | 24.566 | 561 |
| 8 | Компанија Поповски | 18.1-39220/1 од 12.06.2015 | набавка на храна-сувомеснати производи | 3.150 | 76 |
| Вкупно: | | | | 82.115 | 20.330 |

*Вредноста на утврденото надминување на договорите произлегува од податоците од Софтверот за внес на договори и анекси и тивно следење кој во Секторот за финансиски прашања се користи од 2014 година па наваму и се однесува само за 2014 и 2015 одина. Реализацијата за договорите пред овој период не е опфатена во вкупниот износ на надминувањето.